# Декларација за заштита на личните податоци издадена од SECTOR Cert – Gesellschaft für Zertifizierung GmbH

Статус : Октомври 2019

## 1. Вовед

Регулативата за заштита на личните податоци (DSGVO) во рамките на ЕУ, која стапи на сила на 25 мај 2018 година, е регулатива на Европската унија која ги усогласува правилата, со кои се регулира обработката на личните податоци од страна на приватни компании и јавни служби во ЕУ. Целта е да се обезбеди целосна заштита на личните податоци во ЕУ. Ние во SECTOR Cert водиме голема грижа за заштита на вашите лични податоци, обработувајќи ги во согласност со применливите законски барања за целите кои се наведени долу.

## 2. Цели на обработката

Сертификатот е уверение за тоа дека одредено лице ги исполнува барањата на програмата за сертификација. За издавање на сертификат и документирање на барањата за сертификација, сертификационото тело прибра, обработува и зачувува лични податоци.

## 3. Правни основи

Правните основи за обработка на личните податоци произлегуваат од:

- согласноста на засегнатите лица според член 6 став 1 A) DSGVO (Регулатива за заштита на личните податоци)
- исполнувањето на договорот според член 6 став 1 B) DSGVO

Категориите на лични податоци и роковите за задршка на податоците се засноваат на општите услови што важат за телата кои сертифицираат лица (DIN EN ISO/IEC 17024), како и на соодветните стандарди за сертификација DIN EN ISO 9712, DIN ISO 18436 и ISO 20807.

## 4. Лица одговорни за обработка на личните податоци


СЕЦТОР Церт – Друштво за сертификација д.о.о.
Ам Турм 24, 53721 Зигбург, ГЕРМАНИЈА
Телефон: +49 2241 26682-00
Факс: +49 2241 26682-99

Одговорно лице: Andreas Schmidt
E-mail: datenschutz@sector-cert.com


## 5. Обврска на вработените

Сите вработени во сертификационото тело, било да се внатрешни или надворешни, како на пр. испитувачите и стручниот кадар кој врши сертификација, се обврзани со договор да се грижат за заштита на личните податоци.

## 6. Лични податоци

Лични податоци се сите информации кои припаѓаат на едно лице кое може да се идентификува (на пр.: име, возраст, брачен статус итн.). За лични податоци можат да се сметаат дури и оние податоци кои не упатуваат директно на одредено лице, но врз основа на кои може да се изведе заклучок за кое лице станува збор (на пр. корисничко име (ID) на компјутер).

Ние ги чуваме и обработуваме личните податоци на носителите на сертификати и на нашите договорни партнери (контакт лица на нашите клиенти и добавувачи, испитувачи, даватели на услуги и вработени во нашите испитни центри) за да ги исполниме целите на нашата компанија.

## 7. Обработка на личните податоци

### 7.1. Подносители на барања (кандидати)

Обработката на податоците на апликантот се одвива на правна основа согласно Параграфот 26, член 1 од BDSG (Закон за заштита на податоците во С.Р. Германија). Документите за апликација се складираат во времетраење од 6 месеци во согласност со параграфот 21 од AGG (Германскиот генерален акт за еднаков третман) и потоа се уништуваат или бришат.

FBA03-32-06-MK REV 1.1

### 7.2. Авторизација на испитувачи

За да се изврши овластување на испитувачите се прибираат и зачувуваат следните лични податоци:

- Презиме, име
- Датум и место на раѓање за идентификација
- Уверенија за квалификација (на пр. сертификати)
- Јазични вештини
- Релевантно професионално искуство, вклучително информации за соодветниот работодавач
- Актуелен работодавач
- Уверение за физичка способност (на пр. визуелна способност според DIN EN ISO 9712)

Документите за овластување се чуваат како лични податоци.

### 7.3. Авторизација на стручните лица кои вршат сертификација

За да се овластат стручните лица кои вршат сертификација, потребни ни се следните лични податоци:

- Презиме, име
- Датум и место на раѓање за идентификација
- Сертификати
- Уверение за физичка способност (на пр. визуелна способност според DIN EN ISO 9712)

Податоците и документите за овластување се чуваат како лични податоци.

### 7.4. Квалификациони испити

Следните лични податоци се прибираат, обработуваат и чуваат при пријавувањето за полагање на квалификационен испит:

- Презиме, име (по потреба моминско презиме) и дата на раѓање за идентификација на кандидатот.
- Потврда од работодавачот за минималното индустриско работно искуство кое го стекнал кандидатот според соодветната програма за сертификација.
- Потврда од работодавачот за физичката способност (на пр. визуелна способност според DIN EN ISO 9712 став 7.4)
- Доколку е потребно, уверенија за поседување соодветна квалификација, за да се изврши проверка на тоа дали се исполнети условите за земање учество на испитувањето.

Испитните документи, вклучувајќи ги и резултатите од испитувањето, како и документацијата за исполнетоста на условите за полагање се архивираат во однос на соодветниот испитен настан.

### 7.5. Сертификација

**Пријава за сертификација**

Кога се поднесува барање за сертификација, следните лични податоци се прибираат, обработуваат и чуваат:

- Презиме, име, датум и место на раѓање на апликантот
- Фотографија за идентификација на подносителот на барањето во согласност со DIN EN ISO 9712 став 12
- Приватна адреса на барателот за контакт во случај на ограничување на опсегот на сертификатот, суспензија или повлекување на сертификатот.
- Лице за контакт кај работодавачот (презиме, име)
- Потврда од работодавачот за работното искуство според соодветната програма за сертификација.

- Потврда од работодавачот за физичката способност (на пр. визуелна способност според DIN EN ISO 9712 став 7.4)

За самовработени кандидати, исто така, се собираат и следните лични податоци:

- Уверение за физичка способност (на пр. важечка потврда за визуелна способност според DIN EN ISO 9712 став 7.4)
- Листа со референци на клиенти, вклучително и лице за контакт

За кандидатите без работодавач (баратели на работа) се прибираат дополнително и следните податоци:

- Уверение за физичка способност (на пр. важечка потврда за визуелна способност според DIN EN ISO 9712 став 7.4)

- Потврда за стекнатото работно искуство издадена од независно тело или соодветна потврда за работно искуство при првичната сертификација, односно за продолжеток на работните активности при обнова или ресертификација.

По издавањето на сертификатот, документите за апликација и придружните документи ќе бидат архивирани како лични податоци. Потврдите за визуелната способност, откако ќе бидат проверени, ќе бидат уништени во согласност со регулативите за заштита на личните податоци.

**Сертификат**

Сертификатот ги содржи следните лични податоци за идентификација на носителот на сертификатот:

- Презиме, име, датум и место на раѓање
- Потпис на сертифицираното лице

Сертификатот се архивира во однос на секое лице поединечно, односно во форма на лични податоци.

### 7.6. Поплаки

Поплаките по потреба можат да се третираат како лични податоци, односно презимето и името на подносителот на жалбата се обработуваат и чуваат.

Сите поплаки се проверуваат интерно и не се откриваат на трети лица. По завршувањето на постапката за поплаки, документацијата се анонимизира и се архивира под реден број на соодветната мерка.

### 7.7. Приговори

Приговорите се третираат како лични податоци, односно презимето и името на подносителот на приговорот се обработуваат и чуваат.

Ако приговорите се препратени на трети лица со цел истите да бидат проверени, сите лични податоци се анонимизираат. По завршувањето на постапката за приговори, приговорите се архивираат под реден број на соодветната мерка.

### 7.8. Сертификација преку работодавачот

Во рамките на сертификацијата преку работодавачот се врши оценување кое спаѓа во доменот на лични податоци. Таквите податоци го опфаќаат следново: презиме, име, адреса, датум на раѓање и испитните резултати на кандидатот. Овие оцени се архивираат на ниво на лични податоци.

## 8. Рокови за архивирање

Поплаките и приговорите се чуваат во времетрање од 6 години. Документите за апликација кои не резултирале со издавање на сертификат се архивираат до 5 години по одбивањето на апликацијата за сертификација.

Сите документи за давање на овластување, како и оние кои се однесуваат на обуката, испитите и процесот на сертификација се архивираат во времетрање од 30 години со цел да се обезбедат докази во интерес на самите клиенти.

## 9. Споделување и објавување на личните податоци

Преносот на личните податоци до овластените испитувачи се врши во рамките на спроведувањето на квалификационите испити, а сé со цел да се спроведе испитот и процесот на оценување.

Во текот на процесот на сертификација, личните податоци се споделуваат до стручното лице кое врши сертификација, со цел да се изврши проверка на тоа дали се исполнети условите за сертификација.

Податоците за сертификатот (името на носителот на сертификатот, методата, нивото и важноста на сертификатот) можат да се побараат на нашата интернет страница при проверка на важноста на сертификатите (ZertCheck). Работодавачот, исто така, може да добие информации за тоа кога сертификатот треба да биде обновен или кога треба да се изврши ресертификација.

Споделувањето на личните податоци до трети лица не може да се изврши без согласност од засегнатото лице, освен ако тое е поинаку определено со закон.

## 10. Интернет страница

### 10.1. Прибирање и обработка на личните податоци

Кога ги посетувате нашите интернет страници, нашите сервери обично ги зачувуваат привремено следните податоци: податоците за конекција на компјутерот од кој се посетува интернет страницата, веб-страниците што ги посетувате, датумот и времетраењето на посетата, податоците за препознавањето на видот на прелистувачот и оперативниот систем што се користи, како и веб-страницата која Ве префрлила на нашата страница.

Сите други лични податоци, како што се вашето име, адреса, телефонски број или e-mail адреса нема да се снимаат, освен ако не сте ги доставиле овие информации доброволно, на пр. при регистрацијата (види ја регулативата за заштита на личните податоци (DSGVO) чл. 6, став 1 А) и Б)).

Личните податоци што сте ни ги доставиле ги користиме исклучиво за техничко администрирање на веб-страниците и за исполнување на вашите желби и барања, обично за обработка на договорот склучен со Вас или за давање одговор на Вашето барање.

### 10.2. Употреба на колачиња (cookies)

Нашите интернет страници, по правило, не користат колачиња. Само како исклучок можат да бидат употребени таканаречени Session-Cookies (колачиња за сесија), кои ги складираат податоците за контрола на техничката сесија во меморијата на вашиот интернет пребарувач. Овие податоци не се лични.

Доколку, во некој посебен случај, сме приморани да ги зачуваме Вашите лични податоци во форма на Cookie, тогаш ќе мора најпрвин да побараме од Вас изрична согласност за тоа според член 6 став 1 А) од регулативата за заштита на личните податоци - DSGVO. Исто така, укажуваме на тоа дека прелистувачите по правило поседуваат функции за подесување на начинот на кој се контролираат колачињата.

## 11. Вашите права

### 11.1. Информации, корекција, блокирање и бришење

Според Регулативата за заштита на личните податоци – DSGVO, во секое време имате право на добивање информации за Вашите снимени лични податоци, како и за нивна корекција, блокирање и бришење. Ако бришењето на Вашите податоци е во конфликт со роковите за архивирање на нашите програми за сертификација или други законски, договорни, комерцијални или даночни рокови за задршка на податоците, ние ќе ги блокираме вашите податоци наместо да ги избришеме.

### 11.2. Отповикување

Вие исто така имате право да ја откажете Вашата согласност за обработка на Вашите лични податоци.

Во таков случај потребно е да не контактирате.

### 11.3. Жалба

Доколку сметате дека Вашите лични податоци не сме ги обработиле во согласност со правилата, тогаш според член 77 од Регулативата за заштита на личните податоци – DSGVO, имате право во секое време да поднесете жалба до надзорниот орган:

Овластено лице за заштита на личните податоци и безбедност на информациите на републиката Северна Рајна Вестфалија
Пошт. фах 200444, 40102 Дизелдорф
Телефон: +49 211 38424-0
Телефакс: +49 221 38424-10
E-Mail:poststelle@ldi.nrw.de

## 12. Ажурирање на изјавата за приватност

Оваа политика за заштита на личните податоци можно е во некој подоцнежен статиум да треба да биде прилагодена поради одредени промени, на пр. законски промени. Актуелната верзија е достапна на страницата:
www.sectorcert.com/datenschutz.